РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5202/3

18-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 62-та седница одржана на 15.02.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-3951/1 од 18.11.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-3951 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3951/1 од 18.11.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од повеќе подносители – /// кои во моментот на поднесувањето на истата се наоѓаат на издржување на казна затвор во КПД Затвор Струга (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службено лице ///, директор на горе означената установа, кој "за пари" на осудениците им овозможувал да користат поволности како што се слободен викенд, болничко лекување, работа во приватни фирми и слично. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата не се доставени докази.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК, побара податоци, информации, документација и надлежно постапување од Управата за извршување санкции, на што доследно беше постапено и доставено се' што беше побарано.

ДКСК откако оцени дека располага со доволно факти и докази, пристапи кон утврдување на состојбите за овој конкретен случај, па по оценка на секој одделен доказ како и на сите докази во целина и извршената единечна и вкрстена анализа на сите познати факти утврди дека во конкретниот случај, наводите се во целост неосновани. При извршениот надзор над работењето на КПД Затвор Струга од страна на Управата за извршување санкции не се констатирани незаконитости, неправилности, пропусти и недоследности во поглед на одобрувањето на поволностите кои им следуваат на осудениците во КПД Затвор Струга согласно со законите кои ја уредуваат кривичната постапка и материја во Република Северна Македонија.

Согласно горе наведеното, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за натамошно постапување, по што оцени дека постапувањето по пријавата треба да се запре и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk